Комисијата за избор на грантови ги оцени концептите кои организациите ги поднесоа на повикот за **мали акциски грантови** на Цивика мобилитас (ЦМ-МАК-02) во периодот од **1 октомври до 30 декември 2021.**




Беа доставени 59 пријави, од кои **четири организации се добитници на мал грант**, и тоа:

- **Меѓуопштинско здружение на лица со телесен инвалидитет на општините Велес, Градско и Чашка – МОБИЛНОСТ** Велес со проектот *„Направи сам за своето дете (Прирачник за изработка на дидактички материјали од отпадни материјали)“;*

- **Здружение на граѓани Чејнџмејкерс** Гевгелија со проектот *„Организирање на одржливо постапување со отпадот на територија на Општина Гевгелија“;*

- **Здружение за туризам и угостителство – Крушево** со проектот *„Јакнење на соработката меѓу туристичкиот сектор и локалните јавни претпријатија“;*

- **Прима центар Скопје – здружение за креативен развој** со проектот *„Противпожа*

*рно заштитена зграда и општина*
“;

Новите грантисти ќе дејствуваат во секторите за здравје и здравствена заштита, лица со хендикеп, развој на граѓанско општество и животна средина и природни ресурси. Акциите ќе се спроведуваат во период од два до седум ипол месеци.

Избраните организации се од скопскиот, вардарскиот, југоисточниот и пелагонискиот регион во РС Македонија и ќе делуваат на локално и регионално ниво.

Вкупната поддршка на Цивика мобилитас за овие мали акциски грантови е 1.313.000 МКД.